РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

11-528/1
02 -02- 2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 41-а став 8 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница прво продолжение,одржана на ден 30.01.2024 година донесе:

**ИЗВЕШТАЈ**

за антикорупциска проверка на
нивото на квалификации VII/1 степен според Македонската рамка на квалификации при вработување, како посебен услов наведен во повеќе закони

**Наслов:** Нивото на квалификации VII/1 степен според Македонската рамка на квалификации при вработување, како посебен услов наведен во повеќе закони

**Доставено барање мислење од овластен предлагач/по сопствена иницијатива :**

По сопствена иницијатива, врз основа на член 17 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019), а во врска со Заклучокот бр.11-9063/1 по одржан колегиум на 01.06.2022 година.

**Област:** Работен однос

**Генерална оценка**

1. **Осврт на барањето :**

Македонската рамка на квалификации претставува инструмент кој овозможува класификација, споредување, развој и разбирање на квалификациите. Ја покажува јасната врска помеѓу различните видови и нивоа и овозможува јасен преглед на начинот на стекнување на квалификациите, со цел да се задоволат потребите на пазарот на трудот и на општеството и да се поддржи доживотното учење.

Адреса: ул. Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

**Разгледани / консултирани дополнителни материјали:**

- Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" 102/2019);
- Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/2016, 127/2016, 142/2016, 2/2017, 16/2017, 11/2018, и „Службен весник на Република Северна Македонија" 275/2019, 14/2020, 215/2021 и бр. 99/2022)
- Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/2021)
- Статут на Универзитет „Св.Кирил и Методиј" Скопје, јуни 2019 година
- Закон за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/2019 146/2019,275/2019, 302/2020, 311/2020, 163/2021, 294/2021, 99/2022,236/2022, 65/2023 година);
- Документ Македонска рамка на квалификации - МАРТ 2013

Државната Комисија за спречување на корупција, врз основа на член 17 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019), а согласно со Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата, по спроведената антикорупциска проверка на одредбите од нивото на квалификации VII/1 степен според Македонската рамка на квалификации при вработување, како посебен услов наведен во повеќе закони и го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

Државната комисија за спречување на корупција, по извршената анализа и оценка на легислативата на нивото на квалификации VII/1 степен според Македонската рамка на квалификации при вработување, како посебен услов наведен во повеќе закони, како и компаративната анализа со другите закони со кои се уредуваат прашањата во врска со работниот однос, наиде на постоење на регулаторни ризици од корупција.

**Образложение**

Согласно поимникот даден во членот 2 (став 16) на Законот за високото образование под поимот „Кредит" се подразбира *квантитативна мерка за изразување на обемот на учењето врз основа на обемот на работата која студентот во просек ја врши, односно оптоварувањето на студентот во кое се сметаат предавањата, семинарите, вежбите, другите облици на организирана студиска работа и самостојно учење со цел да ги постигне очекуваните резултати од процесот на учење. Кредитот му се доделува на студентот и се регистрира во неговото досие кога ќе ја исполни студиската обврска;*

Системот за акумулирање и трансфер на кредити врз основа на транспарентноста на резултатите од учењето и процесите на учење во високото образование се смета за **кредит систем**, додека под **кредит трансфер** систем се подразбира заедничка процедура што се воспоставува според Европскиот кредит трансфер систем - ЕКТС или Европски систем на пренос и акумулација на поени (англиски: European Credit Transfer and Accumulation System) и претставува нумерички систем за квалитативно вреднување на работата на студентите што била вложена за стекнување знаења, вештини и компетенции што се предвидени со програмата за студирање, односно со конкретниот предмет во рамките на таа програма, ги опфаќа поените за совладување на предметот во целина, сите предмети во еден семестар, академската година и целокупното студирање и нивен пренос од една на друга високообразовна установа;

Прв циклус на академски студии - додипломски студии согласно член 134 од Законот за високото образование се регулирани со стекнување 180, односно 240 ЕКТС кредити.

Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма на додипломските студии припаѓаат на нивото VI Б за тригодишните додипломски студии, односно на нивото VI А за четиригодишните додипломски студии од Националната рамка на квалификации утврдена со Законот за националната рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на квалификации.

Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, академскиот назив по завршување на додипломските студии е bachelor или baccalaureus, односно baccalaurea.

Академските студии од прв циклус (додипломски студии) согласно член 171 од статутот на Универзитеот „Св.Кирил и Методиј" Скопје се организирани во траење од три или четири години и со нивното завршување студентите се стекнуваат со 180 ЕКТС кредити, односно 240 ЕКТС кредити.

Со самото завршување на додипломските студии( три годишно школување) лицето се стекнува со назив дипломиран што е еквивалент на степен VII/1 степен, со додавка на соодветната област, ако со закон поинаку не е уредено и се стекнува со квалификација согласно со Националната рамка на високообразовни квалификации утврдена со Законот за националната рамка на квалификации на високото образование, додека со завршени постдипломски студии во траење од една или две години се стекнува со 60, односно 120 ЕКТС кредити. По изработување на магистерски труд како завршен дел на студиската програма што ја запишал на постдипломски студии се стекнало со најмалку 300 ЕКТС кредити, вкупно на додипломски и постдипломски студии и со тоа добива академски назив магистер од соодветната област.

Македонската рамка на квалификации е инструмент за развивање, класифицирање, препознавање и за признавање на стекнатите квалификации преку резултатите од учење и истата се се заснова на

традиционалниот образовен систем, сегашната состојба во образованието, обуката и системот на квалификации, развојот на општеството, потребите на пазарот на трудот, потребите на поединецот, насоките на Европската рамка на квалификации и на меѓународните прописи кои ги прифатила Република Македонија. Македонската рамка за квалификации има за цел да ги интегрира и да ги координира образовните потсистеми и да ги подобри транспарентноста, пристапот, напредокот и квалитетот на квалификациите во однос на пазарот на трудот и граѓанското општество, со истата се поставуваат јасни критериуми на квалитет за стекнување на квалификација на одредено ниво што учесникот може да ја стекне по завршувањето на образованието и буката. Квалификациите кои се вклучени во Македонската рамка за квалификации се однесуваат на општото образование, формалното стручно образование и обука, неформалното образование и обука и на високото образование.

По извршената споредбена анализа на законската регулатива во делот на вработувањето конкретно за нивото на квалификации потребно за различни работни места, ДКСК од опфатените различни области утврди дека VII/1 степен на завршено образование се поистоветува и со 180 кредити меѓутоа и со 240 кредити во зависност од нивото на работното место и од неговата сложеност.

Имено согласно член 39 од Закон за инспекциски надзор нивоата во рамките на категориите, за инспекторите дополнително се опишуваат со звање, и тоа:

1) Б1 - генерален инспектор;

2) Б2 - главен инспектор;

3) Б3 - помошник главен инспектор;

4) Б4 - виш инспектор;

5) В1 - советник инспектор;

6) В2 - самостоен инспектор;

7) В3 - помошник инспектор и

8) В4 - помлад инспектор

Како посебен услов за вработување на инспектор во член 40 од наведениот закон е пропишано дека:

(1) Кандидатот за инспектор од категорија Б, покрај општите услови за вработување утврдени во Законот за административни службеници, треба да ги исполнува следните посебни услови:

1) стручни квалификации за сите нивоа од категорија Б - ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

(2) Кандидатот за инспектор од категорија В, покрај општите услови за вработување утврдени во Законот за административни службеници, треба да ги исполнува следните посебни услови за:

1) стручни квалификации и тоа:

- за нивото В1 - ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
- за нивоата В2, В3 и В4 - ниво на квалификација VIБ според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен

Нивото VI поднивоа VIБ и VIA се однесуваат за тригодишните и четиригодишните додипломски студии и учесниците добиваат диплома, од што произлегува дека законот го поистоветува VII/1 степен по стара програма во со зависнот од нивото на работно место и со 180 кредити меѓутоа и со 240 кредити.

Истото се однесува и за Законот за социјалната заштита конкретно за категориите на работни места утврдени во член 110-в од законот како посебни услови кои треба вработените да ги исполнуваат и тоа:

за ниво А1 стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку пет години работно искуство,

- за ниво А2 со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку три години работно искуство,

- за ниво А3 стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку три години работно искуство,

- за ниво А4 стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степени најмалку две години работно искуство,

- за ниво А5 стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, без или со работно искуство од најмалку една година,

- за ниво Б1 стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или најмалку ниво на квалификации VI Б,

- за ниво Б2 најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование V А 60 до 120 кредити според ЕКТС или вишо образование и

- за ниво Б3 најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование.

Понатаму за раководните административни службеници од категорија Б согласно член 25 од Законот за административни службеници во делот за стручни квалификации за сите нивоа - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен

VII/1 степен, додека за стручниот административен службеник од категоријата В треба да ги исполни следниве посебни услови за работното место:

а) стручни квалификации, и тоа:

- за нивото В1 ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
- за нивоата В2, В3 и В4 ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

Од тука произлегува дека и Законот за административни службеници од една страна во однос на потребните кредити прави дистинкција за работните места на ниво В2, В3 и В4 за кои е потребно 180 кредити односно додипломски студии кои траат 3 години додека за работното место В1 советник имајќи во предвид дека врши најсложените работни задачи од категорија В потребно е да има 240 кредити односно 4 години додипломски студии, меѓутоа од друга страна законот допушта на сите работни места од категоријата В да се пријават сите кандидати кои имаат по стариот начин на студирање односно 4 годишно студирање односно завршен VII/1 степен.

**Заклучоци и препораки**

Државната комисија за спречување на корупцијата при спроведената анализа и проверка на горенаведените одредби заклучи дека е потребно да се преземат чекори во насока на надминување на вака констатираните состојби и тоа:

- Во македонската рамка VII/1 степен да се изедначи со 240 кредити.
- Сите прописи да се усогласат со македонската рамка

**Изработил:** С.М- советник
**Одобрил:** А.С- раководител на одделение

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Биљана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk